# - ОПФОЛИО ПРОГРЕСИВЕН ФОНД -

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025

## Содржина


ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР 1

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА ЗАВРШЕНА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА 4

БЕЛЕШКИ 9

ПЕРК
Пелагониска Ревизорска Куќа
ул. „Прилепски бранители“ бр. 16 – 4, втор кат, 7500, Прилеп
Република Северна Македонија
П. фах: 256
телефон/факс: +38948 413-856
моб.:070/208-138
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.mk

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До:

Друштво за управување со инвестициски фондови
Опфолио инвестиции АД

ул. „Дане Крапчев“ бр.21/6

Центар, Скопје

## Ревизорски извештај за финансиските извештаи

### Мислење

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Отворениот инвестициски фонд Опфолио прогресивен фонд во понатамошниот текс („Фондот“), кои што ги вклучуваат извештајот за нето имотот на Фондот заклучно со 31 декември 2025 година, извештајот за добивки и загуби на Фондот, извештајот за промени во нето имотот на Фондот и извештај за парични текови на Фондот за годината која завршува тогаш и преглед на приложените белешки кон финансиските извештаи, вклучително и преглед на значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење приложените финансиски извештаи објективно го презентираат нето имотот на **Отворениот Инвестициски Фонд Опфолио Прогресивен фонд** заклучно со 31 декември 2025 година како и неговата финансиски успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со одредбите на Законот за инвестициски фондови и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаи за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка.

### Основа за мислење

Ние ја спроведовме ревизијата во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот за „Одговорности на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи“ од овој извештај. Ние сме независни од Фондот во согласност со Меѓународниот кодекс на етика на професионалните сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност), Кодексот на ОМСЕС на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во согласност со законската регулатива во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС. Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за наше мислење.

### Клучни ревизорски прашања

Клучни ревизорски прашања се оние прашања кои според нашето професионално расудување, беа од најголема значајност во нашата ревизија на финансиските извештаи за тековниот период. Овие прашања беа разгледани во контекст на нашата ревизија на финансиските извештаи земени како целина и при формирањето на нашето мислење за нив и ние не обезбедуваме посебно мислење за овие прашања.

| Клучно ревизорско прашања | Како нашата ревизија го адресираше клучното ревизорско прашање |
|---|---|
| Вреднување на финансиски средства.<br>Фондот поседува значајни вложувања во акции во странски друштва во вкупен износ од 18.695.395,44 денари кои се вреднуваат по фер вредност.<br>Ова прашање е идентификувано како клучно ревизорско прашање поради зависноста од пазарни податоци од странски берзи, користење на надворешни извори (депозитарна банка), употребата на проценки при одредување на фер вредност, како и изложеност на девизен ризик. | Нашите постапки вклучуваат меѓу другото:<br>• Проверка на пазарните цени користени при вреднување<br>• Усогласување со податоци од депозитарната банка<br>• Тестирање на применетиот девизен курс на датумот на известување. |

## Други информации

Раководството е одговорно за другите информации. Нашето мислење за финансиските извештаи не ги покрива другите информации и, соодветно, не изразуваме каква било друга форма на уверување во однос на нив. Раководството потврди дека не постојат други информации освен финансиските извештаи кои се предмет на ова ревизорско мислење. Согласно погоре изнесеното, нашата одговорност во однос на другите информации не е применлива.

Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

## Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи

Раководството на Фондот е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со одредбите на Законот за инвестициски фондови и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаи за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарната банка како и за интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали истите се резултат на измама или на грешка.

При подготвување на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Фондот да продолжи под претпоставката за континуитет обелоденувајќи кога е применливо прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствена основа за континуитет, освен ако раководството или има намера да го ликвидира Фондот или да го прекине работењето или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управување се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Фондот.

## Одговорност на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина не содржат материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измама или на грешка и да издадеме ревизорски извештај којшто го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не преставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со МСР, секогаш ќе откријат материјално погрешни прикажувања кога тие постојат. Погрешните прикажувања може да произлезат како резултат на измама или на грешка и се смета дека се материјални доколку, поединечно или во вкупен износ, разумно би се очекувало да влијаат на деловните одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со МСР („Службен весник на Република Македонија“ бр. 273/2024), применуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешни прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или на грешка, дизајнираме

и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешни прикажувања како резултат на измама е повисок од ризикот кој се појавува како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти и лажни заобиколувања на внатрешните контроли.

- Стекнавме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите но не и со целта за изразување на мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Фондот.
- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.
- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настан или услови кои можат да предизвикаат значителен сомнеж во можност на Фондот да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во финансиските извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа идни настани или услови може да предизвикаат Фондот да престане да работи според претпоставката на континуитет.
- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Ги известивме оние кои се задолжени за управувањето меѓу другото и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификуваме во текот на ревизијата.

Ние исто така обезбедивме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и комуницираме со нив за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и онаму каде што е применливо, за активностите преземени за елиминирање на заканите или за применетите заштитени мерки.

Од прашањата за кои е комуницирано со оние кои се задолжени за управувањето ние носиме заклучок за оние прашања кои се од најголемо значење за ревизијата на финансиските извештаи во тековниот период и поради тоа се сметаат за клучни ревизорски прашања. Ние ги опишуваме овие прашања во нашиот ревизорски извештај освен доколку законот или регулативата исклучува можност за јавна објава за прашањето или кога во екстремно ретки ситуации сме заклучиле дека за прашањето не треба да биде известено во нашиот извештај, поради негативни последици од кои разумно би се очекувало да ги надминат користите за јавниот интерес од таквото комуницирање.

Прилеп, 28.04.2026

**Пелагониска Ревизорска Куќа**

**ДООЕЛ Прилеп**

Овластен ревизор

Пецко Ристески

Управител

Пецко Ристески

**Финансиски извештаи за годината завршена на 31 декември 2025 година**
**за Отворениот инвестициски фонд Опфолио Прогресивен ФОНД**

- **Извештај за нето имотот на инвестицискиот Фонд**
- **Извештај за добивка или загуба на Фондот**
- **Извештај за промени во нето имотот на Фондот**
- **Извештај за паричните текови**

**Извештај за нето имотот на инвестицискиот Фонд со положба на 31 декември 2025**

| **позиција на имотот** | **31.12.2025** | **31.12.2024** |
|---|---|---|
| ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 0,00 | |
| Вложувања во хартии од вредност и депозити | 115.375.534,44 | |
| финансиски средства кои се чуваат за тргување | 18.695.395,44 | |
| финансиски средства расположиви за продажба | 0,00 | |
| заеми и побарувања | 0,00 | |
| вложувања кои се чуваат до доспевање | 96.680.139,00 | |
| ОСТАНАТИ СРЕДСТВА | | |
| Побарувања по основ на продажба на хартии од вредност и останати | 0,00 | |
| Побарувања по основ на дивиденди, парични депозити и отплата на обврзници | 0,00 | |
| Побарувања по основ на дадени аванси | 0,00 | |
| Побарувања од друштвото за управување | 0,00 | |
| Побарувања од депозитарната банка | 0,00 | |
| Останати побарувања на фондот | 0,00 | |
| Побарувања по основ на камата и останати средства | 32.609,77 | |
| **Вкупно средства** | **115.408.144,21** | |
| | | |
| Вонбилансна евиденција актива | 0,00 | |
| | | |
| ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ | | |
| Обврски по основ на вложувања во хартии од вредност и останати обврски | 0,00 | |
| Обврски по основ на вложувања во пласмани, депозити и репо договри и | 0,00 | |
| ОСТАНАТИ ОБВРСКИ | 0,00 | |
| Обврски кон друштвото за управување со фондови | 157.253,87 | |
| Обврски кон депозитарната банка | 16.773,74 | |
| Обврски по основ на дозволени трошоци на фондот | 8.226,56 | |
| Обврски по основ на исплата на имателите на удели | 0,00 | |
| Останати обврски | 0,00 | |
| Обврски по основ на пресметана камата | 0,00 | |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **182.254,17** | |
| | | |
| **Нето имот на фондот** | **115.225.890,04** | |
| | | |
| **Број на издадени удели** | 1.133.724,9322 | |
| | | |
| **Нето имот по удел** | 101,6348 | |
| | | |
| Издадени удели на инвестицискиот фонд | 115.183.410,00 | |
| Повлечени удели на инвестицискиот фонд | 0,00 | |
| добивка/загуба во тековната финансиска година | 42.480,04 | |
| задржана добивка/загуба од претходните периоди | 0,00 | |
| ревалоризација на финансискиот имот расположив за продажба | 0,00 | |
| Ревалоризациски резерви на инструментите за заштита | 0,00 | |
| **Вкупно обврски спрема изворите на средства** | **115.225.890,04** | |
| | | |
| Вонбилансна евиденција пасива | 0,00 | 0,00 |

Прв извршен директор

Васко Богдановски

**Извештај за добивка или загуба на Фондот со полжба на 31 декември 2025**

| **позиција** | **31.дек.25** | **31.дек.24** |
|---|---|---|
| ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА | | |
| Реализирани добивки од продажба на финансиски инструменти | 0,00 | |
| Приходи од камата и амортизација на премија (дисконт) на средствата со фиксно доспевање | 217.603,93 | |
| Позитивни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучот на хартии од вредност) | 58.383,18 | |
| Приходи од дивиденди | 0,00 | |
| Останати приходи | 0,46 | |
| **Вкупно приходи од вложувања** | **275.987,57** | |
| РАСХОДИ | | |
| Реализирани загуби /добивки од курсни разлики | 38.681,28 | |
| Негативни курсни разлики од монетарни финансиски инструменти (со исклучок на хартии од вредност) | 33.926,45 | |
| Расходи од односите со друштвото за управување | 173.283,24 | |
| Расходи од камати | 0,00 | |
| Надоместок на депозитарната банка | 18.483,74 | |
| Трансакциски трошоци | 51.528,00 | |
| Намалување на средствата | 0,00 | |
| Останати дозволени трошоци на фондот | 8.853,56 | |
| **Вкупно расходи** | **324.756,27** | |
| | | |
| Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност | **-48.768,70** | |
| | | |
| НЕРЕАЛИЗИРАНИ ДОБИВКИ (ЗАГУБИ) ОД ВЛОЖУВАЊА ВО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ДЕРИВАТИВНИ ИНСТРУМЕНТИ | | |
| Нереализирани добивки (загуби) на вложувањата во финансиски инструменти | 87.187,83 | |
| Нереализирани добивки (загуби) од деривативни инструменти | 0,00 | |
| Нето курсни разлики од вложувања во хартии од вредност | 4.060,91 | |
| **Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти** | **91.248,74** | |
| | | |
| **Нето зголемување (намалување) на нето имотот од работењето на фондот** | **42.480,04** | |

**Извештај за промени во нето имотот на Фондот со положба на 31 декември 2025**

| позиција | 31.дек.25 | 31.дек.24 |
|---|---|---|
| ЗГОЛЕМУВАЊЕ (НАМАЛУВАЊЕ) НА НЕТО-ИМОТОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ФОНДОТ | | |
| Нето добивка (загуба) од вложувања во хартии од вредност | -48.768,70 | |
| Вкупно нереализирани добивки (загуби) од вложувања во хартии од вредност и деривативни инструменти | 91.248,74 | |
| Ревалоризација на финансиски средства расположиви за продажба | | |
| Ревалоризациски резерви на инструментите за заштита | | |
| **Зголемување (намалување) на нето-имотот од работењето на фондот** | **42.480,04** | |
| | | |
| Приливи од продажба на издадени документи за удел/ акции на фондот | 115.183.410,00 | |
| Одливи од повлекување на удели / акции на фондот | 0,00 | |
| **Вкупно зголемување (намалување) од трансакции со удели / акции на фондот** | **115.183.410,00** | |
| | | |
| **Вкупно зголемување (намалување) на нето имотот** | **115.225.890,04** | |
| | | |
| НЕТО ИМОТ | | |
| На почетокот на периодот | 0,00 | |
| На крајот на периодот | 115.225.890,04 | |
| | | |
| БРОЈ НА ИЗДАДЕНИ И ПОВЛЕЧЕНИ УДЕЛИ / АКЦИИ НА ФОНДОТ | | |
| Издадени удели / акции на фондот во периодот | 1.133.724,9322 | |
| Повлечени удели / акции на фондот во периодот | 0,0000 | |
| **БРОЈ НА УДЕЛИ / АКЦИИ НА ФОНДОТ** | **1.133.724,9322** | |

**Извештај за парични текови со положба на 31 декември 2025**

| **Позиција** | **Број** | 31.дек.25 | 31.дек.24 |
|---|---|---|---|
| Добивка или загуба | 1 | 42.480,04 | |
| Нереализирани позитивни и негативни курсни разлики | 2 | | |
| Исправка на вредноста на побарувањата и слични отписи | 3 | | |
| Приходи од камата | 4 | - 217.603,93 | |
| Расходи од камата | 5 | | |
| Приходи од дивиденда | 6 | | |
| Намалување на финансискиот имот | 7 | | |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во преносливи хартии од вредност | 8 | - 18.695.395,44 | |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во инструменти на пазарот на пари | 9 | | |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во инвестициски фондови | 10 | | |
| Зголемување (намалување) на вложувањата во финансиски деривативни инструменти | 11 | | |
| Приливи од камата | 12 | - | |
| Одливи од камата | 13 | - | |
| Приливи од дивиденда | 14 | | |
| Зголемување (намалување) на останатиот финансиски имот | 15 | - 96.680.139,00 | |
| Зголемување (намалување) на останатиот имот | 16 | | |
| Зголемување (намалување) на обврските по основ вложувања во финансиски инструменти | 17 | | |
| Зголемување (намалување) на останатите финансиски обврски | 18 | | |
| Зголемување (намалување) на обврските спрема друштвото за управување и депозитарната банка | 19 | 174.027,61 | |
| Зголемување (намалување) на останатите обврски од редовното работење | 20 | 8.193,65 | |
| **Паричен тек од редовното работење (Σ од 1 до 20)** | **21** | **-115.550.658,00** | |
| Приливи од издавање на удели | 22 | 115.183.410,0000 | |
| Одливи од откуп на удели | 23 | 0,0000 | |
| Исплата на имателите на удел од остварената добивка | 24 | | |
| Останати приливи од финансиски активности | 25 | | |
| Останати одливи од финансиски активности | 26 | | |
| **Паричен тек од финансиски активности (Σ од 22 до 26 )** | **27** | **115.183.410,0000** | |
| **Нето зголемување (намалување) на пари (21+27)** | **28** | **0,0000** | |
| Пари на почеток на периодот | 29 | 0,0000 | |
| **Пари на крај на периодот (28+29)** | **30** | **0,0000** | |

# БЕЛЕШКИ

# КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА

# ОПФОЛИО ПРОГРЕСИВЕН ФОНД

# ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2025

# БЕЛЕШКА 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

Опфолио прогресивен фонд – отворен инвестициски фонд (во понатамошниот текст „Фондот") е основан и управуван од Друштвото за управување со инвестициски фондови Опфолио Инвестиции АД Скопје.

Друштвото за управување со инвестициски фондови Опфолио Инвестиции АД Скопје е основано на ден 29.05.2025 година и започна со работа по добивањето на Решение број УП1 08-113 од 29.05.2025 година од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

Депозитарна банка на „Фондот" е Шпаркасе банка АД Скопје, со седиште на ул. „Васил Иљоски" бр. 3, 1000 Скопје. Изборот на Шпаркасе банка АД Скопје за депозитарна банка на Фондот е одобрено со издадено Решение број УП1 08-71 од 27.10.2025 година од страна на Комисијата за хартии од вредност.

**Опфолио прогресивен фонд** – отворен инвестициски фонд е основан со издадено Решение број УП1 08-71 од 27.10.2025 година од страна на Комисијата за хартии од вредност на РСМ.

Фондот е основан со цел прибирање на парични средства преку јавен повик за купување на удели од сите заинтересирани вложувачи во согласност со Законот за инвестициски фондови, Статутот и Проспектот на Фондот.

Фондот е запишан во Регистарот на инвестициски фондови на Република Северна Македонија, од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, под идентификациски број 9150000000285.

Фондот се основа на неопределено време.

# БЕЛЕШКА 2. ОСНОВ ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 2.1. Основ за подготовка на финансиските извештаи

Друштвото ги има изготвено финансиските извештаи на „Фондот" во согласност со барањата на Законот за инвестициски фондови („Сл. весник на РМ" бр.12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016 и Сл. весник на РМ бр. 31/2020, 150/2022 и 288/2022) и Правилникот за задолжителна содржина, форма и рокови за доставување на извештаи за работењето од страна на инвестициските фондови, друштвата за управување и депозитарните банки („Службен весник на РМ" бр. 148/2023). Според овој правилник основните финансиски извештаи се изготвени во согласност со новиот Правилник за водење на сметководството („Службен весник на РСМ" бр. 75/2024 и 274/2024) и сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија.

Финансиските извештаи се подготвени со состојба на и за годините кои завршуваат на 31 декември 2025 и 2024 година. Износите на податоците во финансиските извештаи се дадени во македонски денари (МКД), освен ако не е поинаку наведено. Финансиските извештаи се составени врз основа на методот на набавна вредност со исклучок на вложувањата во хартии од вредност кои се вреднуваат според нивната објективна вредност.

## 2.2. Претпоставка за континуитет

Придружните финансиски извештаи се подготвени согласно претпоставката дека Фондот ќе продолжи да работи во догледна иднина. Раководството на Фондот управува со средствата на Фондот со цел да обезбеди негово непречено функционирање и максимизирање на поврат за сопствениците на удели. Забавувањето на глобалната економска активност, затегнатата монетарна политика и зголемените геополитички тензии низ светот се веќе инкорпорирани на пазарите на капитал. Раководството смета дека во моментов не постои материјална несигурност што предизвикува сомнеж кој би го довел во прашање континуитетот во работењето на Фондот.

## 2.3. Проценка на објективна вредност

Во согласност со МСФИ 13 – мерење на објективна вредност, истата се дефинира како цена која би била добиена за продажба на средство или која би била платена за пренос на обврска во уредна трансакција помеѓу учесници на пазарот на датумот на мерење.

Објективната вредност на финансиските средства и обврски на Фондот е приближна на нивната сметководствена вредност, имајќи го во предвид фактот дека поголемиот дел од истите имаат краток рок на доспевање кој вообичаено не надминува една година од датумот на извештајот за финансиската состојба. Исклучок од ова се долгорочните финансиски инструменти и вложувањата кои се мерат според објективна вредност за кои објективната вредност се утврдува врз основа на котирани цени на активен пазар или доколку таквите цени се недостапни, со примена на соодветни техники за вреднување кои ја максимизираат употребата на јасни инпути и ја минимизираат употребата на нејасни инпути, во согласност со погоре наведениот стандард.

# БЕЛЕШКА 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

## 3.1. Парични средства

Паричните средства се водат во извештајот за финансиска состојба според номинална вредност. За целите на финансиските извештаи, паричните средства се состојат од готовина во благајни, парични средства на денарски и девизни сметки во банки и денарски депозити по видување.

## 3.2. Побарувања од купувачи

Побарувањата се евидентираат во моментот кога настанува правото на Фондот за побарување на одредени износи на парични средства. Истите ги опфаќаат побарувањата за дивиденди, камати, продадени хартии од вредност а кои се сеуште не наплатени и сл. Побарувањата се признаваат во висина на нивната номинална вредност, намалена за евентуалната исправка на вредноста поради нивна ненаплатливост, односно во висина на нивната надоместлива вредност.

## 3.3. Вложувања во хартии од вредност

Во согласност со МСС 39 – финансиски инструменти, признавање и мерење, сите вложувања во хартии од вредност, односно сите финансиски средства се класифицираат во четири категории и тоа:

- Финансиски средства кои се чуваат за тргување (мерени според објективна вредност преку билансот на успех),
- Финансиски средства расположливи за продажба,
- Заеми и побарувања, и
- Вложувања кои се чуваат до доспевање.

Вложувањата кои се чуваат за тргување се оние вложувања кои се стекнати главно за целите на генерирање на добивка од краткорочни флуктуации на цените. Почетно, вложувања за тргување се искажани по набавна вредност, односно според износот на парични средства и еквиваленти на парични средства платени за нивна набавка. Последователно, овие вложувања се мерат според објективна вредност определена според последната просечна пазарна цена на истите на датумот на извештајот за финансиската состојба за оние за кои има активен пазар, додека за оние вложувања за кои не постои активен пазар се мерат според нивната набавна вредност намалена за евентуално нивно оштетување (стечај или ликвидација). Добивките и загубите од промената на објективната вредност на вложувањата кои се чуваат за тргување се признаваат во добивката или загубата на периодот.

Вложувањата расположливи за продажба се оние вложувања во долгорочни хартии од вредност кои се чуваат неограничен период но кои можат да бидат продадени во секој момент и се класифицираат како нетековни средства.

Вложувања кои се чуваат до нивното доспевање како што се благајничките записи, комерцијалните записи, дисконтираните меници и обврзниците се не деривативни финансиски средства со фиксна или одредлива исплата и фиксно доспевање за кои менаџментот има намера и можност да ги чува се до нивно доспевање. Истите се вреднуваат по нивна амортизирана набавна вредност со примена на ефективна каматна стапка. Добивката или загубата се признава во извештајот за сеопфатна добивка кога финансиското средство се де признава или е оштетено како и преку процесот на амортизација. Доколку менаџментот одлучи да ги продаде овие средства, целата категорија се рекласифицира во средства

расположливи за продажба. Амортизираната вредност се пресметува со земање во предвид на сите дисконти или премии при купувањето, во текот на периодот, до доспевање. Износот на загубата од обезвреднување на хартиите од вредност кои се чуваат до доспевање се пресметува како разлика помеѓу сметководствената вредност на вложувањето и моменталната вредност на очекуваните парични текови, дисконтирани по оригинална каматна стапка на вложувањето и се искажуваат во извештајот за сеопфатна добивка.

Купопродажбата на вложувањата во хартии од вредност се признаваат на датумот на тргување што преставува датум кога Фондот се обврзал да ги купи или продаде истите. Капиталните добивки или загуби од ваквите продажби се признаваат како реализирани приходи или расходи од купопродажба на хартии од вредност.

## 3.4. Деловни обврски

Обврските на Фондот ги опфаќаат:

- Обврски за купување на вложувања во хартии од вредност
- Обврски спрема друштвото за управување со фондови
- Обврски спрема депозитарна банка
- Други тековни обврски

Сите обврски се искажуваат во висина на номиналните износи што произлегуваат од деловните трансакции.

## 3.5. Приходи

Приходите од реализирани добивки од продажба на вложувањата, приходите од камати, реализираните позитивни курсни разлики и приходите од дивиденди се признаваат во моментот на настанување на самата трансакција од која што произлегуваат. Приходите од камати се признаваат онака како што се пресметуваат за периодот за кој се однесуваат.

## 3.6. Расходи

Расходите ги опфаќаат реализираните загуби од продажба на вложувањата, реализираните негативни курсни разлики, расходите од односи со друштвото за управување со фондови, надоместоците за депозитната банка и останатите деловни расходи на Фондот и се признаваат во моментот на настанување на самата трансакција од која што произлегуваат.

Расходите од односи со друштвото за управување со инвестициски фондови потекнуваат од надоместок во вид на управувачка провизија која треба да ја плати Фондот за управување со инвестициски фондови во висина од 2,25% годишно од нето вредноста на имотот на Фондот.

Расходите од надоместок на депозитарната банка потекнуваат од надоместок кој треба да го плати Фондот на избраната депозитарна банка во висина од 0,24% годишно од вредноста на нето имотот на Фондот. Ваквиот надомест се пресметува на дневна основа.

Расходите спрема Комисијата за хартии од вредност потекнуваат од надомест во висина од 0,15% на годишно ниво од нето вредноста на имотот на Фондот со состојба на крајот на претходната година.

## 3.7. Нереализирани добивки и загуби

Зголемувањето или намалувањето на вредноста на вложувањата во финансиски средства кои се чуваат за тргување измерени по нивната објективна вредност се искажуваат во извештајот за сеопфатна добивка на Фондот како нереализирани добивки или загуби.

## 3.8. Даноци

Фондот преставува посебен ентитет без својство на правно лице, па според тоа не е обврзник за даноци.

### 3.9. Капитал

Фондот нема својство на правно лице со оглед на фактот дека е основан и управуван од друштво за управување со фондови кое има својство на правно лице и е акционерско друштво. Поради ова, Фондот нема капитал, туку има само нето вредност на неговиот имот кој преставува разлика помеѓу вредноста на вкупниот имот и вкупните обврски на Фондот.

Сопствениците на удели на Фондот имаат право на учество во добивката на Фондот, кое право го остваруваат преку откуп, односно, продажба на уделите, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделите намалена за сите трошоци и надоместоци.

### 3.10. Нето вредност на имотот на Фондот

Пресметката на нето имотот на Фондот по удели се врши согласно Правилникот за утврдување на нето вредноста на имотот на отворениот или затворениот инвестициски фонд и по пресметка на нето вредноста на имотот по удели или акции на инвестицискиот фонд донесена од страна на КХВ.

Нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува врз основа на пазарната вредност на хартиите од вредност и депозитите во финансиските институции и другите имотни вредности на Фондот, а со одземање на обврските на истиот ден. Движењето на вредноста на имотот на Фондот во 2025 година е прикажан во Белешка 14 – преглед за движењето на вредноста на нето имотот на Фондот.

